**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Започнуваме со денешната работа.

Продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Иван Анастасовски, Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Јован Манасиевски, Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Лазар Китановски, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Александар Спасеновски, Валентина Божиновска, Есад Рахиќ, Фијат Цановски, Абдуладин Вејсели, Фазли Велију, Агрон Буџаку и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на пристутни пратеници во салата.

Во моментот се уште немаме кворум иако се запишани повеќе од 65 пратеници во листата на присутност, но бидејќи оваа седница е започната можеме да продолжиме со работа.

**Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон на изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот на амандманот на член 11 став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев е заклучен.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата, затоа што наскоро ќе преминеме на гласање.

Повелете господине Макрадули, процедурална интервенција.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, би сакал процедурално да укажам или побарам од вас.

Имено на 16 јули закажани се две седници кои што на сите им е јасно дека не можат ниту да се заврши првата во 11, не гледаме причини зошто таа сте ја закажале. Второ, денеска имаме на дневен ред точка која што се наоѓа како друг закон исто и на седницата што е во понеделник, што мислам дека Законот за јавни набавки да го расчистите да знаеме за што да се подготвуваме дали за овој текст или за оној таму и она што е мојата замолница и она што ќе го побарам од вас е на 16 јули во 15 часот е закажана седницата за Деловникот како последица од договорот меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ да оди во една фаза. Бидејќи сите ваши заложби, укажувања што ги имавме во изминатиот период беа дека таа седница со Деловникот ќе оди во две фази барам од вас да го повлечете решението за таа седница и седницата за Деловникот да оди во две фази. Инаку, ние ќе бидеме принудени како и минатиот пат да ги употребиме сите демократски инструменти кои ни стојат на располагање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи и онака треба да исчекаме доволен број пратеници за гласањето на веќе заклучениот претрес по амандманот давам половина час пауза кој ми е потребен и јас да се исконсултирам со службите околу овие предлози.

(Пауза од 11,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,07 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата и продолжуваме веднаш со гласање на амандманот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Бидејќи немаме кворум уште еден час пауза.

Значи, сега е 12,53 до 13,53 часот.

(Реакција од пратениците).

Добро, пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 12,53 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со седницата.

Претресот по амандманот на член 11 став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев е заклучен.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи нема кворум, продолжуваме утре во 11 часот со 45-та седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот)